МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО, ШУМАРСТВО И ВОДОСТОПАНСТВО

Врз основа на член 50 став 5 од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија („Службен весник на Република Македонија" бр. 39/06 и 89/08), министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА БАРАЊЕТО ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЗАПИШУВАЊЕТО НА СОРТАТА ВО НАЦИОНАЛНАТА СОРТНА ЛИСТА, КАКО И НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЗАПИШУВАЊЕТО

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува формата и содржината на барањето за продолжување на запишувањето на сортата во националната сортна листа, како и начинот и постапката за продолжување на запишувањето.

**Член 2**

(1) Формата и содржината на барањето за продолжување на запишувањето на сортата во националната сортна листа е даден во Прилог кој е составен дел на овој правилник.
(2) Продолжувањето на запишувањето на сортата во националната сортна листа се врши врз основа на барање за продолжување на запишувањето на сортата во националната сортна листа (во Натамошниот текст: Барање), кое се поднесува до Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство - Управа за семе и саден материјал (во Натамошниот текст: Управа).
(3) Барањето за продолжување на запишување на сортата во националната сортна листа се поднесува до Управата, во рок од 30 дена од денот на добивање на решението за призната и одобрена сорта за производство, како и извршените испитувања за различност, еднообразност и стабилност на сортата од страна на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.
(4) Барањето се поднесува за секоја сорта посебно, во два примерока на Образецот даден во Прилогот.
(5) Постапката од став (2) на овој член се применува и при барање за повлекување на веќе поднесеното барање. Во тој случај Управата ја исклучува сортата од понатамошна постапка за продолжување на запишувањето на сортата во националната сортна листа, по плаќање на трошоците направени за проверка на сортата за тековната година од страна на подносителот на пријавата, согласно Правилникот за висината на надоместување на трошоците за испитување на вредноста за производство и употреба на сортата со сортни опити и висината на надомест за работата на Комисијата за национална сортна листа за земјоделски растенија.

**Член 3**

(1) Барањето го поднесува сопственикот, селекционерот одржувачот на сортата или од нив овластено лице, до Упаравата, согласно член 50 став 1 од Законот за семе и саден материјал за земјоделски растенија.
(2) Барањето за странска сорта се поднесува до Управата по доставување на соодветни документи за извршени DUS-тест и VCU-тест на сортата, издадени согласно Правилникот за постапките и методите за испитување на различност, еднообразност и стабилност на сортата (DUS-тест) кај земјоделските растенија и Правилник за постапките и методите за испитување на видови и сорти на земјоделски растенија и видовите и сортите на земјоделските растенија за кои не е потребно испитување на производна и употребна вредност (VCU-тест).

**Член 4**

Доколку се исполнети условите од член 37 став (1) од Законот за семенски и саден материјал за земјоделски растенија, му се издава решение за продолжување на запишувањето на сортата во Националната сортна листа.

**Член 5**

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 18-295/5
28 септември 2010 година
Скопје

Министер,
**Љупчо Димовски,** с.р.

**Прилог**

**БАРАЊЕ бр. __________**
**за продолжување на запишување на сортата**
**во националната сортна листа**

**1.Барател *(фирма, селекционер, одржувач)***
______________________________________________________________

**2. Овластено лице *(доколку барателот е странско правно или физичко лице)***
______________________________________________________________

**3. Вид на рстението** ______________________________________________

**4. Име на сортата** ______________________________________________

**5. Потекло на сортата (*странска, домашна, локална популација*)**
______________________________________________________________

**6. Намена и употреба на сортата**
______________________________________________________________

**7. Извршено испитување на вредноста за производство и употреба на сортата (*VCU-тест*)** ______________________________________

**8. Извршено испитување за различност, еднообразност и стабилност на сортата (*DUS-тест*)** ______________________________________________

**9. Извршена заштита на географско потекло** ______________________________

**10. Технички опис на сортата (*прилог кон пријавата*)**
______________________________________________________________
______________________________________________________________
______________________________________________________________

**11. Генетски модифицирана сорта: да ____________ не _____________**

**12. Број и датум на решението за запишување на сортата во националната сортна листа** ______________________________________________

**13.Забелешка**______________________________________________

| | | |
|---|---|---|
| _______________ | **м.п.** | **Барател** |
| **(*Место и дата*)** | | _________________ |